РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-299/7
27.10. 2023 год.-viti
Skopje - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 62 седница одржана на 13.09.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студиската програма „Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитет за Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци „Свети Апостол Павле" Охрид**

1. Се акредитира студиската програма „Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика при Универзитет за Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци „Свети Апостол Павле" Охрид, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 120 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци /во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Science in Information and Network Securty, Privacy and Data Protection.. Научно - истражувачко подрачје:, 1. Природно-математички науки, 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 Компјутерска техника и информатика; Научно – истражувачка област: 21202 Информациони системи и мрежи, 21206 Процесирање на податоци, 21208 Друго.
4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По предходно донесената Одлука бр. 02-31/15 од 20.01.2023 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (120 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за применети информатички технологии, машинска интелегенција и роботика, Универзитет за Информатичка и мрежна безбедност, приватност и заштита на податоци „Свети Апостол Павле" Охрид, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.03-54/1 од 26.01.2023 година (наш бр. 08 - 290/1 од 30.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2023 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 290/6 од 10.10.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 62-та седница одржана на 13.09.2023 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова